Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 44 и член 45 од Статутот на општина Валандово, Советот на општина Валандово, на петта редовна седница одржана на 26.12.2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**на Општина Валандово за одбележување на значајни дати, настани и личности од поблиското и подалечното минато на македонскиот народ и општината во 2026 година**

**I.** Програмата за одбележување на значајни дати, настани и личности од поблиското и подалечното минато на македонскиот народ и општината, има за цел да оддаде доследна почит кон делата и настаните што оставиле траен белег во македонската историја и имаат значење од интерес на земјата и општината Валандово.

**II**. Во текот на 2026 година ќе се одбележуваат следните значајни дати, настани и личности:

**4 Мај**

**123 години од смртта на великанот на македонското револуционерно движење – Гоце Делчев**

**Носител:** СОУ „Гоце Делчев“ Валандово
ООУ „Ј.Б.Тито“ Валандово-ПОУ „Гоце Делчев“ Пирава

**6 Мај**

**Меѓународен фестивал Хид Бах Шен Фест - Хидерлез**

**Носител:** Организационен одбор на фестивалот

**Ѓурѓовден, патрон на Манастир „Св. Ѓорѓи“, патрон на населените места Пирава и Брајковци**

**9 Мај**

**Меѓународен ден од победата над фашизмот (81 години од завршувањето на Втората светска војна)**

**Носител:** Комисија за спомен одбележување

**15 Мај**

**Св. Атанасиј – Патрон на Удово**

**Крајот на месец мај или почеток на месец јуни**

**„Фолк Фест“ Валандово**

**Носител:** Општина Валандово (Совет на фестивалот)

**12 Јули**

**Петровден - Патрон на град Валандово**

**2 Август**

**82 години од првото заседание на АСНОМ и 123 години од Илинденското востание**

**Носител:** Сојуз на борци
Комисија за спомен одбележување

**28 Август**

**Успение на Пресвета Богородица, патрон на Јосифово**

**8 Септември**

**Ден на независноста на Република Северна Македонија**

**Носител:** Комисија за спомен одбележување

**11 Октомври**

**Ден на востанието на македонскиот народ**

**Носител:** Сојуз на борци
Комисија за спомен одбележување

**23 Октомври**

**Ден на македонската револуционерна борба**

**Носител:** Сојуз на борци
Комисија за спомен одбележување

**6 Ноември**

**Ден на ослободувањето на градот и општината**

**Носител:** Комисија за спомен одбележување
Сојуз на борци

**IV.** Покрај настаните од точка II, Општина Валандово во текот на годината ќе се вклучи и во одбележувањето на годишнини од раѓањето или смртта на личности кои се земени како патрони на различни општински институции, како и на настани од историјата на македонскиот народ што ќе бидат одбележувани од други институции, невладини организации и патрони празници ма сите останати населени места на подрачјето на Општина Валандово.

**V.** Финансиски средства за реализација на оваа Програма ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Валандово за 2026 година, во зависност од активностите што ќе бидат реализирани.

**VI.** Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово”.

Совет на општина Валандово
Претседател
Марија Чурлинова